# СОВРЕМЕНОСТ

## СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Година 76 (70) Број 1-2, 2021

Првиот број на списанието „Нов ден“ излезе во 1945 година.
Списанието „Современост“ е негов директен наследник чиј прв број
се појави во април 1951 година.

**СОВРЕМЕНОСТ**
Списание за литература, култура и уметност

**Издавач:**
Современост, Скопје

**Редакција:**
Стефан Марковски, главен и одговорен уредник
Снежана Стојчевска, извршна уредничка
Никола Алтиев, уредник
Мишо Китаноски, уредник

**Графичка подготовка:**
Винсент Графика, Скопје

**Печати:**
Академски печат, Скопје

**Тираж:**
300

# СОДРЖИНА


**ПОЕЗИЈА 6**

Богомил ЃУЗЕЛ, ТРИ ПЕСНИ....7

Стефан КОСТОСКИ, АКО ГАЛЕБОТ БЕШЕ АНГЕЛ....10

Исток УЛЧАР, ГАНГРЕНА....13

Мане МАНУШЕВ, ОБДУКЦИЈА НА ИДЕНТИТЕТОТ....19

Марина МИЈАКОВСКА, МАЏИРМААЛСКИ МИЛУВАЊА....25

Ерол  ТУФАН, ЛИКОВИТЕ ВО МЕНЕ....29

Стефан МАРКОВСКИ, МОЈАТА 30-ТА....37

Томе ВЕЛКОВ, ВРЕМЕ ВО НЕВРЕМЕ....41

Кире НЕДЕЛКОВСКИ, МАНАСТИР ОД МИСЛИ....49

Павлина АТАНАСОВА, АСИМПТОТА....55

Мирјана ТРЕНЧЕВА, ЗУРЛА....57

Диме ДАНОВ, ПОЛЕКА....63

Мира СМАЌОСКА ТАНЕСКА, ДОЛГО ТОПЛО ЛЕТО....65

Андреј АЛ АСАДИ, ПОСЛЕДНИОТ....69

Љубица ШОПОВА, СИМУЛАЦИЈА....75

**ПРОЗА 78**

Александар ПРОКОПИЕВ, БЕЛЕЗИ....79

Љубинка ДОНЕВА, ЕНКО....87

Димитар АРНАУДОВ, ТЕОФАН, НИЧЕ И МЕРСО....93

Анде ЈАНКОВ, СИГУРЕН РИЗИК (ИЗВАДОК)....99

## ДРАМА 103

Сашко НАСЕВ, ИЗГУБЕНА ВО ВРЕМЕТО....104

## АФОРИЗАМ 130

Васил ТОЛЕВСКИ, АФОРИЗМИ....131

## ПРИОПШТУВАЊА 138

Надија РЕБРОЊА, БЕЛ КЛАВИШ....139

Ариан ЛЕКА, ДУПКА ВО МОРЕТО....142

Зоран ЃЕРИЌ, ПОЕЗИЈАТА И СЛОБОДАТА....145

Бојан БОГДАНОВИЌ, АЛЕН ГИНЗБЕРГ....156

Енес ХАЛИЛОВИЌ, ДА СЕ ПРОДОЛЖИ....162

Дастин ПИКЕРИНГ, КЛЕОПАТРА....168

Едвард ХАРЕНЦ, МАРИЈА МАГДАЛЕНА....171

Роза БОЈАНОВА, АКО ОСТРОВОТ МОЖЕШЕ ДА РАСКАЖУВА....175

Сузана ЛОВРИЌ, ЗАНЗИБАР....178

Наталија НЕДЈАЛКОВА, УБАВО Е ДА БИДЕШ КНИГА....183

Владан ШИПОВАЦ, ДРИНА....186

## ИНТЕРПРЕТАЦИИ 192

Васил ТОЦИНОВСКИ, СОВРЕМЕНОСТ ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА....193

Славчо КОВИЛОСКИ, СТАТИЈАТА „ЗАДАЧА НА УЧИТЕЛКАТА“ ОД 1899 ГОДИНА НА СУЛТАНА ЧИКМАКОВА....198

Мишо КИТАНОСКИ, АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ПОД ПИРИН....202

Верица МУКОСКА, ПОСТОЈНАТА КОЛЕБЛИВОСТ ВО НЕПОСТОЈАНАТА РЕАЛНОСТ ВО 3 РАСКАЗИ ОД МИТКО МАЏУНКОВ....217

Исток УЛЧАР, РЕАЛИСТИЧКО И СИМБОЛИСТИЧКО ЧИТАЊЕ
НА ПРОПАСТА НА БУДЕНБРОКОВИ........................................................................225

Лилјана ПЕЦОВА – ИЛИЕСКА, MIMESIS ИЛИ ИЗМАМАТА
ШТО СЕ КРИЕ ВО „РЕАЛИСТИЧНОТО“..............................................................................231

Ана ВИТАНОВА – РИНГАЧЕВА, ЕПИЛОГ. ВО АГОНИЈАТА НА ИСЧЕЗНУВАЊЕТО..................238

Сузана МИЦЕВА, КОЊСКИТЕ ГЛАВИ КАКО ПРЕДВЕСНИК
И ПРОТИВТЕЖА НА ЗЛОТО.................................................................................................245

Пепи СТАМКОВ, ПРОФЕСИОНАЛЕЦ – ДРАМА ЗА МИНАТОТО,
ФИЛМ ЗА СЕГАШНОСТА, ИМЕ ЗА ИДНИНАТА.......................................................................248

Александар СТЕВАНОВ, ЖЕЉКО КНИВАЛД: СТО ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО
НА РОДОНАЧАЛНИКОТ НА СТРИПОТ ВО МАКЕДОНИЈА....................................................255

## ВРЕДНУВАЊА 260

Љубинка ДОНЕВА, ВЕСНА МУНДИШЕВСКА ВЕЛЈАНОВСКА:
МОРФОЛОШКО-СИНТАКСИЧКА „ИГРА“...................................................................................261

Никола АЛТИЕВ, ЗА КНИГАТА ОТАДЕ И ОДАВДЕ ВРЕМЕТО................................................267

Никола АЛТИЕВ, ЗА ЗАВЕТНИОТ АМАНЕТ..............................................................................273

Снежана СТОЈЧЕВСКА, ЕТИМОЛОШКАТА СИМБОЛИКА ВО РОМАНОТ
„СФИНГА НА ГНЕВОТ“ ОД ЖАРКО КУЈУНЏИСКИ..................................................................277

Иван АНТОНОВСКИ, „МАЈКАТА И ИНАКВИТЕ ПРИКАЗНИ“ ОД Е. БАКОВСКА НИЗ
ПРИЗМАТА НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА............................................283

Никола АЛТИЕВ, ЗА АНТОЛОГИЈАТА НА ПЕСНИ ЗА СКОПЈАНИТЕ......................................294

## ИНТЕРВЈУ 298

Михал ВИВЕГ, ЧЕШКИ ПИСАТЕЛ: МИСЛАМ НА МОЈАТА ПУБЛИКА,
НО НЕ СУМ НИВЕН РОБ.............................................................................................................299

*Ана ВИТАНОВА – РИНГАЧЕВА*

*УДК 730:111.852*

## ЕПИЛОГ. ВО АГОНИЈАТА НА ИСЧЕЗНУВАЊЕТО

Екфрастички пристап кон „Хамлет“ на Никола Пијанманов, скулптура работена за меѓународната скулпторска колонија „Велес 2020“

*„Покосен бев во цветот на гревовите свои.*
*Наеднаш, непричестен, непомазен;*
*Без да се пресметам, повикан сум на одговорност*
*Под бремето на своето несовршенство.*
*О ужас! Ужас! О, голем ужас!“*
(„Хамлет“, Шекспир)

Познати се обидите на значајни естетичари и критичари, со посредство на книжевниот јазик, да му пристапат на одредено уметничко дело, слика или скулптура. Таквите пристапи подразбираат херменевтичка анализа на дело коешто припаѓа на визуелната уметност. Современите интермедијални пристапи ја наметнаа употребата на терминот „екфразис“ за кој М. Рифатер во есејот „Илузијата на екфразисот“ тврди дека означува „книжевно претставување на ликовната уметност, сликарството, или скулптурата“. Нашите претходни обиди за толкување на уметничките дела со посредство на книжевната терминологија, се покажаа како успешен обид за спојување на естетското, емоционалното и уметничкото доживување. Обидот за толкување на едно уметничко дело, започнува со распластување на неговите слоеви, односно со реконструкција на идејата за неговото создавање. Набљудувањето на едно уметничко дело е како гледање во сонцето, најпрво ве заслепува од силината на сончевите снопови, потоа ве оттргнува, за кога ќе замижете, некаде во позадина да почнат да се формираат слики. Откако окото и умот ќе почнат да цртаат слики, тогаш се вклучува и механизмот на доживувањето. Убавината како универзална категорија во уметноста се содржи во убавината на

идејата за нејзиното создавање. Убавината постои како метастварност на реалната, на постоечката стварност, како нејзино создателство. Убавото и уметничкото тежнеат да станат едно. Нивното приближување е највидливо при обидот на уметникот да создаде уметничко дело. Судот за убавината на едно уметничко дело, според Дејвид Хјум, се создава со помош на некое внатрешно сетило или чувство коешто емитува пријатност и задоволство. Според него, нашиот вкус не потекнува од интелектуалниот, туку од емоционалниот дел на нашата биолошка даденост. Скулптурата на „Хамлет", дело на Никола Пијанманов, се појави како неочекуван предизвик, но доволно сугестивен за да нè поттикне на размислување. Ако соочувањето со уметничкото дело значи вклучување на механизмите на емоционално-естетскиот свет, тогаш оваа скулптура ги вклучи сите во еден миг и создаде наплив на измешани емоции. Нашиот обид за толкување е желба за прифаќање на делото како уметнички говор, како интимна исповед на уметникот пред себе и пред светот. Му пристапуваме на делото од емоционално-естетски побуди, со минимални познавања на скулпторската естетика и правилата за нејзино создавање. Потпирајќи се исклучиво на личното искуство и сензибилитет, правиме обид за читање на скулптурата „Хамлет". Хамлет пораснал од сјајот и коментарите, вели Јан Кот, тој е еден од малкубројните книжевни јунаци кои живеат и надвор од текстот, кои живеат надвор од театарот. Хамлет е лик кој ги надживеал епохите, лик кој постои независно од културата, расата, класата, религиозното убедување. Од оригиналната верзија на текстот т.н. urtext (за која и не знаеме дали навистина постои), па до денес, Хамлет ќе доживее многу варијации: историски, книжевни, театарски, филмски, музички, сликарски, скулпторски...

Пијанманов, преку моделирањето на скулптурата, всушност, моделира една општочовечка судбина, набљудувана низ призмата на егзистенцијалните прашања. Уметникот, преку механизмот на самоостварување, целосно се претопува во творечката слобода, создавајќи дело ослободено од клишеа. Суптилен е пристапот на уметникот кон парчето метал којшто се отсликува како негова одлика, а суптилноста е изразена и во пристапот кон ликот што го создава. Изразната специфика на Пијанманов ги подразбира острите агли, издолжените прави линии, испакнатините на материјалот од кој ја создава скулптурата, длабоките зарези во металот, издолжените екстремитети налик на изделени делови од самото тело. Антропоморфизацијата на основната идеја подразбира едно суптилно моделирање на металот кој преку оформениот лик, зрачи со силна експресија. „Набљудувајќи ја градбата на човечкото тело, детеологизираната наука дошла до заклучок дека духовните и телесните појави се корелати и дека не можат да се разделуваат." (Крлежа, 1983:286). Изобличеноста во однос на деловите на телото, би можеле да ја набљудуваме како експресионистичка реакција на единката која живее во целосна

недоверба кон сетилната реалност. Својата скулпторска поетика, Пијанманов, ја гради преку рециклирањето отпаден метал и неговото пресоздавање во уметничко дело. Невозможно е да се сфати како низ (не)проѕирноста на металот се влегува во внатрешниот човеков свет и како ликот низ металот добива своја длабочина и суштина. При обидот за разгатнување на симболиката на металот, доаѓаме до сознанието дека преобразувањето на металот, неговото топење и преобликување го вади духот од него, односно го уништува за повторно да го пресоздаде. Таквата иницијациска поставеност, го позиционира уметникот на местото на древните ковачи кои во општествениот живот имале улога на помирувачи и посредници не само меѓу членовите на заедницата, туку и меѓу светот на живите и мртвите. (Chevalier J.,Gheerbrant A. 1987:293). Со длабоко земање воздух авторот нурнува во длабочините на човекот, патува низ неговите духовни лавиринти, лични и колективни болки. Хамлет е скулптура која зрачи со мисловност, едно оригинално скулпторско писмо на автор кој и како сликар ја следи идејата за човекот, Природата, Светот и Бог.  Раскошната имагинација на уметникот во содејство со вештината на неговите раце, создаваат уметничка форма со остри линии, нагласени рабови и издолжени елементи. Металниот Хамлет се доживува како жив човек седнат некаде покрај патот со кој можете да разговарате, да беседите за (бес)смислата на животот. Зад металниот оклоп како да се случува некаква драматика. Одухотвореното парче метал станува тело кое дише, низ неговите дамари силно пулсира животот. Металот не може да го зароби духот, тој е сеприсутен и како да лебди над самата скулптура, да кружи околу неа, обидувајќи се да го оживее одамна мртвиот дански принц. Човекот е несовршен, несовршен е и светот околу него, совршенството им припаѓа на Природата и на Бог. Кафкијански е пристапот на уметникот, човекот живее отуѓен од себе и од светот, среќата му се измолкнува, а тој се распарчува и станува честичка во хаосот. Човекот е соголен, одвоен од светот од целото, затоа страда, затоа го боли и најмалото струење на воздухот, бидејќи директно ги допира неговите ранливи крвни садови. Тие се соголени без кожа и мускул, набабрени од крвта што врие, нежни и кревки како во мајчината утроба. Тагата и ужасот се во симбиоза, според Борев, во Шекспировиот „Хамлет“ ужасното е претставено како аспект, граница на трагичното, затоа ужасот продуцира драматичност со трагичен епилог. Ликот на Хамлет скамент во времето, останува синоним за човекот и неговите неразгатнати дилеми, да се живее под превезот на среќата или до срж да се разоткрие насреќата и да се казнат нејзините создатели?!

Феноменологијата на скулпторската поетика на Никола Пијанманов се исчитува низ уметничките движења на неговите раце кои секогаш тежнеат да го оживеат само навидум мртвото, да му дадат форма и уметничка суштина. Таква е скулптурата на дрвото од рециклиран метал, поставена во паркот во

Струмица. Со својата (не)природност таа целосно се вклопува во амбиентот на природното, убавото и воопшто не се доживува како нешто што не припаѓа таму. Скулптурата „Штркот и змијата“ поставена во паркот во с. Колешино ја има истата манифестација, сраснува со средината во која е поставена. Пијанманов има тенденција безличното да го облагороди и да му даде можност за нов живот. „Дрвото на животот“ или сликата за изгубениот рај е претстава за животот распрснат на милиони неупотребливи парчиња, расфрлени некаде низ бескрајот на космосот, но и вербата дека од хаосот може повторно да се создаде поредок. Дрвото како axis mundi  стои во вечна вертикала, со врвот секогаш свртен кон сонцето. Homo de humo или „човекот од земја“ колку и да ѝ пркоси на минливоста, сепак таа го надвладува, неговиот ‘рбет полека се свиткува, а главата неминовно почнува да се приклонува кон земјата. Човекот на својот пат до смртта постојано се смалува, неговата анатомска конфигурација неминовно трпи промени, истрошеното тело станува тажна реплика на тоа што некогаш било. Неправдите, лагите, разочарувањата еден по еден ги свиткуваат пршлените, им ја земаат еластичноста, за да го донесат човековото тело до состојба на крајна нефункционалност, истрошеност и тивко умирање. Ваквата анатомска поставеност е аналогна и на менталната конфигурација на човекот. Хамлет е слика на  homo pro se или „човек сам за себе“ кој сакајќи да ја разобличи направдата, станува жртва на таа своја опсесивна желба. Интелектуално моќен, песимист, меланхоличар и осаменик обземен од мислата за (само)убиство, грижа на совест, одмазда, таков е Хамлет во драмата на Шекспир. Трагичноста на данскиот принц извира од неговата преголема верба во човекот и човечноста, како особина којашто би требало да ја носи на својот врат. Хамлет е човекот фрлен во виорот на животот, неговите екстремитети се доволно големи и широки за да го држат телото со сето бреме што го носи со себе. Ногата како симбол на мајчиното сродство и општествените односи, во скуптурата е силно изразена, со набабрени крвни садови. Раката е симбол на силата и власта , таа е оружје на правдата. Но, раката  е и кралски знак, оружје на власта и означува доминација, кај некои народи раката ја симболизира смртта (Chevalier J.,Gheerbrant A. 1987:567-570).  Уметникот прецизно ја истакнува таквата симболика преку доминацијата на екстремитетите на Хамлет, наследникот на тронот со верба во правдата и мајчината верност. Раширените дланки, положени на главата ја приклонуваат надолу, тоа се рацете на правдољубието, но и оружјето со кое е извршена одмаздата. На почетокот силни и бестрашни, жедни за  правда, но на крајот стануваат ковчести и издолжени, лепливи, натопени со крв и солзи. Утробата како да ја нема или намерно не е нагласена бидејќи од неа не останало ништо, кога човечноста заминува, душата станува мало зрно, бесплодно, јалово.

Единствено нешто што потсетува на благородничкото потекло е украсното копче како статусен симбол. Само тоа останува да блеска и сè уште да стои на вратот на принцот, кој ги натопи својата облека и душа со крв, за да стигне до портите на правдата.

Хамлет е слика на големиот горделив човек, кој фрлен во бедата на животот, се дави во сопствената трагичност. Тој не треба да умре за да го види и доживее пеколот, за него пеколот е сè што гледа и доживува околу себе: гнилоста на државата, неверството, инцестот, неправдата, мирисот на смртта. Хамлет е најфасцинантниот лик на лудак, циник и одмазник, но истовремено и страдалник, кој ја крие тагата под свечената блескава облека на принц. Од топол љубовник до суров мизогин, две крајности невозможни за приближување една кон друга. Сурово рационален одејќи по работ на наводното лудило, Хамлет станува жртва. Неверството од најблиските и сомнежот се двете зла кои копаат бездни во душата на човекот. Хамлет живее со мирисот на гнилоста на душите на блиските, саканите, општеството, инцестот и  сомнежот. Одмаздата е само реакција на сите акумулирани прашања без одговор. Вечната дилема добива одговор. Подобро да се биде, оти ако не се случи тоа, човекот станува само сенка на своето постоење. Борбата на човекот со нечовекот до себе е борба за живот или смрт, борба до исцрпување, до последната капка пот.  ДА СЕ БИДЕ – значи да се сонува, да се верува, да се љуби, но и да ѝ се пркоси на неправдата, лагата и лицемерието. Во средното ИЛИ е содржана вечната дилема, сомнежот и несигурноста. Негацијата НЕ – значи да НЕ се жртвува љубовта, да НЕ се предаде ближниот, да НЕ се копнее за власт по секоја цена.

Хамлет на Шекспир заедно со Фауст на Гете и Дон Кихот на Сервантес се најголемите ликови-индивидуалци во светската книжевност, носители на идејата дека човекот со својот разум може да суди за доброто и злото, да ги создава и да се бори за и против нив. Хамлет гори во виорот на гневот, но штом се случи одмаздата и огнот стивне, тогаш во неговата душа почнува да се распарчува, да се откинуваат делови од ткивото, да се создава хаосот. Одмаздата ќе се случи, виновникот ќе биде разобличен, но што со тоа? Смртта го погребува Елсинор, а Хамлет е само морален победник. Може ли главата да остане кренатата за круната да остане на неа? Силата на Хамлет не е во тоа што тој го реши проблемот, туку во тоа што го покрена прашањето за неправдата на светот околу него – вели Белински. Борбата за праведен свет е лична, но и колективна борба на современиот Хамлет. Борбата за правда е вечната борба на човекот, само таа никогаш не завршува, нè следи до последниот час. И смртта е неправедна, дури и таа нема ист кантар за секого. Животот нè соочува со безброј неправди од

неправедната поделба на големи и мали во една детска игра, па сѐ до големите општествени неправди кои човекот ги носи на својот грб. Неправда е затворениот шалтерски прозорец и дрскоста на службеникот платен со твои пари, неправда е неможноста да работиш соодветно со твоите квалификации, неправда е партискиот бездарник да заземе позиција од која ќе одлучува за судбината на „малиот човек", неправда е да бидеш осудуван заради личниот избор, неправда е сето она што го повредува човекот кој не сака да се претопи и да стане честичка од хаосот на светот. Акцијата што човекот ја презема како одговор на неправдите се доживува како лудило. Ти си луд! Тој е луд! Какво е ова лудило? Возможно ли е во еден човек да се населиле сите неволји за кои знае светот, милијарди души како милијарди атоми склопчени само во еден лик?! Имаме чувство дека сме се сретнале некогаш, но и чувство дека не е ова последна средба, иднината има резервирано место за нови средби.

Хамлет е лик кој го вознемирува човештвото од средновековието до денес. Хамлет е нашето огледало, во неговиот лик чисто, реално до коска се пресликуваат сите наши внатрешни светови, разурнати идеали и емоции расфрлени како мртви тела по улиците на животот. Како од урнатините да се изроди нов свет, можно ли е од чадот на спалените души да се изродат нови?! Хамлет говори на истиот јазик, на јазикот на вечната борба со хаосот внатре во човекот и потребата од него да се создаде нов живот. Купишта емоции, надежи и желби оставаме на буништето на животот. Таму, во смрдеата што се шири од човечки души во распаѓање, ги оставаме нашите соништа, сонувани, но неостварени, нашите идеали за поубав и поправеден свет. Зарем не сме сите жители на светот? Кој го држи кантарот и на која страна стои (не)човекот, а на која судбината?! Одговорот на прашањето за тоа која страна натежнува е познат и беспредметен. Во мртвилото на Елсинор, Хамлет останува сам со погубените глави во својот скут и блескавата, но бодликава круна, што во лесен пад паѓа удолу кон пропаста. Патос и грч се исчитуваат на неговиот полусокриен лик, делумно покриен од големите исушени дланки. Големи, дебели и видливи се жилите низ кои крвта боботи, тече бесно, носејќи го со себе сиот насобран гнев. Погледот како да нема храброст да се соочи со пустошот на светот што владее околу него. Сѐ е бесмислено и безживотно, полумртво и во бунило. Зарем лудилото е единствениот спас? Можеби од канџите на светот, да, но не и од самиот себе. Покриен со широките ковчести дланки како да сака да најде одговор на дилемата: Јас или светот? Љубовта или омразата? Доброто или злото?

Ваквиот Хамлет не може да се преroди во homo novus (нов човек), неговата кожа е слечена и ставена како наметка на грбот на одмаздата. Таа дојде како блудница во полумракот земајќи го човекот од него, а заминува со пленот в

раце, кикотејќи се, зад себе оставајќи го Хамлетовото соголено тело и мртва душа. Тешката одежда му ги свиткува рамениците кои попуштајќи од тежината, го влечат телото удолу, а заедно со нив и главата се поднаведнува, губејќи ја силата да го носи човековото достоинство со погледот угоре кон небото.Телото е свиткано, уморено и полумртво, како да сака да се разлее, да се стопи дур не испари и последната капка крв, солза и пот. Сокриениот поглед, нababрените соголени екстремитети и падната круна, ја градат сликата за човековата ништожност во овој налудничав свет. Во слободен пад паѓаат черепот и маската. Хамлет стави маска на сопственото лице и срце со благородна цел, за да дојде до вистината, но падот на маската значеше и негов пад, а принесената жртва како да не ги задоволи вечно гладните богови?!

Уметноста е некаква форма на религија, уметникот живее и умира со вербата за подобар свет. Никола Пијанманов е сонувач во светот на безбојното, бездушното и безживотното. Скулптурата на Хамлет не е само уметничко дело создадено за да стои на бетонскиот постамент. Таа е жива, драматична, силно сугестивна. Парадоксалната идеја да се оживее металот е силна порака за тоа дека емоцијата е оган под чија топлина се топи и модификува студеното и бездушното. Низ неа струи воздухот, се пробива кислородот што му треба на огнот за да гори. Хамлет е архетипот за големите човечки трагедии, тој е постојана, непроменлива слика во нашето сеќавање, но и потврда за една вистина дека животот е нова сцена на некои дамнешни трагедии. Еден ден кога сè ќе се смири, ќе престане болната потрага по самите себе, ќе останат само нашите траги втиснати во исушената земја, да сведочат за нашите подеми и падови, кога сме лунѕале, умислени дека ќе го надживееме времето. Ах, каква заблуда! Зарем вреди жртвата оставена на олтарот на одмаздата?! Чуму величието и круната, ако уверени во лажните апсолути, заборавиме на човекот во нас?!



**Досегашни главни и одговорни уредници:**

(1951) - Киро Хаџи Василев

(1951 - 1952) - Владо Малески

(1952 - 1953) - Славко Јаневски, Димитар Митрев и Ацо Шопов

(1954 - 1957) - Димитар Митрев

(1958) - Александар Ежов

(1958 - 1968) - Димитар Митрев

(1969 - 1982) - Георги Сталев

(1983 - 2002) - Александар Алексиев

(2003 - 2012) - Васил Тоциновски

(2013 - 2017) - Славчо Ковилоски

(2018 - ) - Стефан Марковски

СПИСАНИЕТО Е ПОДДРЖАНО ОД

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Адреса: Списание „Современост“, Скопје,
ул. „Франклин Рузвелт“ 8, пош. фах 221.
Жиро сметка: 3 000 000 011 854 73
Даночен број: 4030988132811
Комерцијална банка а.д. Скопје